ГЕВГЕЛИЈА

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и член 62 став (1) алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10 и 18/14 ), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе,

# О Д Л У К А
## за избор на административни службеници по Интерен оглас бр.04/2023

1.По инетерниот оглас 04/2023 објавен на ден 24.8.2023 година, за унапредување на административни службеници во Општина Гевгелија се избираат:
-**Благој Картов,** со вкупно освоени бодови **38,05** за работно место под реден број 1 од интерниот оглас, УПР 01 01 В01 000 – **Советник за организација на седници на Советот на општина Гевгелија**, во Одделението за правни работи, Сектор за правни, административни и општи работи и поддршка на Градоначалникот, при Општина Гевгелија, и
-**Весна Попова**, со вкупно освоени бодови **38,05** за работно место под реден број 2 од интерниот оглас, УПР 01 01 В01 000 – **Советник за следење и поддршка на локалниот економски развој и прекугранична соработка**, во Одделението за локален економски развој и прекугранична соработка, Сектор за јавни дејности и локален економски развој, при Општина Гевгелија.

2.Именуваните ќе бидат унапредени на работните места од став 1 на оваа Одлука, во рок од пет дена по конечноста на Одлуката;

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

***О б р а з л о ж е н и е***

Врз основа на Барање за започнување на постапка за унапредување на административен службеник бр.04-1347/1 од 21.8.2023 година и Известување за обезбедени финансиски средства во Буџетот на општина Гевгелија, бр.04-1347/2 од 21.8.2023 година, доставени од Градоначалникот на Општина Гевгелија до Одделението за управување со човечки ресурси при Општина Гевгелија, на ден 24.8.2023 година објавен е Интерен оглас број 04/2023, на веб страната на Општина Гевгелија и на Агенцијата за администрација, за унапредување на административни службеници за две работни места:

1. Советник за организација на седници на Советот на општина Гевгелија, во Одделението за правни работи, Сектор за правни, административни и општи работи и поддршка на Градоначалникот, при Општина Гевгелија,и
2. Советник за следење и поддршка на локалниот економски развој и прекугранична соработка, во Одделението за локален економски развој и прекугранична соработка, Сектор за јавни дејности и локален економски развој, при Општина Гевгелија.

Комисијата за селекција за унапредување за работните места број 1 и 2, формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија, со Решение број 04-1347/8 од 4.9.2023 година, на ден 12.9.2023 година, во просториите на Агенцијата за администрација спроведе адинистративна селекција за работните места број 1 и 2 со Записник број 04-1347/9 и интервју со Записник број 04-1347/10.

Врз основа на бодовите од спроведената административна селекција и спроведеното интервју, од страна на Комисиите за селекција за унапредување на административен службеник, изготвена е финална ранг-листа и предлог-одлука за избор на истите и ги достави на Градоначалникот на општина Гевгелија.

Врз основа на наведеното, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата на Агенцијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

Изработил, Весна Хаџикојчева

Бр.04-1485/1
13.09.2023 година
Гевгелија

градоначалник
на општина Гевгелија,
***Андон Сарамандов***

Доставено до:
-Одделение за управување со човечки ресурси
-Архива
-Административен службеник